Бр: 03-206/2
Скопје: 29.12.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1371/1 од 02.12.2021 година (Наш број 03 -206/1 од 03.12.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 29.12.2021 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Најавата за планиран инвестициски проект на компанијата Сити Капитал Агро ДОО Скопје, кој ќе се состои од изградба и менаџирање на современа фабрика за производство на фармацевтски производи о д медицински канабис не е целосно во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Во Барањето на мислење бр. 13-1371/1 од 02.12.2021 година наведено е дека за потребите на инвестицискиот проект, а во согласност со Законот за технолошки индустриски развојни зони, компанијата во рамки на инвестицискиот проект во ТИРЗ Штип ќе реализира инвестиција во висина од 28.998.560 евра и ќе креира 131 ново работно место.

Во Барањето на мислење исто така е наведено дека во пакетот на мерки за планирано доделување на регионална помош, пет мерки ќе се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ а четири мерки како индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош.

Мерките кои се планира да се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ се:

- Ослободување од плаќање на данокот на добивка за период од десет години, почнувајќи по две години од годината на добивање на решението за започнување со работа, под услови утврдени со законот за ТИРЗ;
- Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увозот на добра во Зоната, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка, под услови утврдени со Законот за ТИРЗ;
- Царински ослободувања и олеснувања, согласно член 6 од Законот за ТИРЗ;
- Ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште согласно член 8 од Законот за ТИРЗ и
- Изземање од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката за време на вршењето на дејност во Зоната, согласно член 6 од Законот за ТИРЗ.

Мерките кои, според Барањето на мислење, претставуваат индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош се:

- Под услови утврдени во Законот за контрола на државната помош и во Уредбата за регионална помош, давателот ќе му обезбеди на корисникот државна помош во висина од 10% од инвестираниот износ како оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување, која ќе биде исплаќана во транши;

- Под услови утврдени во Законот за контрола на државната помош и во Уредбата за регионална помош, давателот ќе му обезбеди државна помош на корисникот за направените трошоци за консултантски услуги поврзани со инвестицискиот проект согласно деловниот план до датумот на завршување, а кои во членот 5 од Предлог договорот кој е доставен како прилог на Барањето на мислење се дефинирани на вкупен износ од 660.000 евра;

- Под услови утврдени во Законот за контрола на државната помош и во Уредбата за регионална помош, давателот ќе му обезбеди на корисникот државна помош во висина од 10% од износот на оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување кои даватеот ќе ги исплати на корисникот во транши кои ќе се исплаќаат под посебни услови и

- Со цел унапредување на рамномерниот регионален развој, давателот ќе му исплаќа дополнителна помош на корисникот над утврдениот процент на помош за реализирани оправдани инвестициски трошоци, што е наведено во членот 7 од Предлог договорот кој е доставен како прилог на Барањето на мислење. Дополнителната помош за рамномерен регионален развој би се пресметувала како процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на Источниот плански регион, како регион во кој се реализира инвестицискиот проект.

Мерката според која давателот ќе му доделува помош на корисникот на помошта за консултански услуги поврзани со инвестицискиот проект според член 7 став (2) од Уредбата за регионална помош може да се додели само доколку се работи за мало или средно претпријатие. Во член 5.3 од Предлог договорот стои дека давателот ќе ја додели помошта само ако корисникот на помошта е мало или средно претпријатие во периодот кога трошокот е направен во согласност со официјалните податоци на Централниот регистар.

За Комисијата за заштита на конкуренцијата официјалните податоци на Централниот регистар не се релевантни за тоа дали претпријатието корисник на државна помош е мало, средно или големо претпријатие. Согласно член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата на соодветен начин ги применува критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош на Европската унија. Во дадениот случај, Комисијата за заштита на конкуренцијата ги применува Насоките за регионална помош на Европската унија за 2014-2020 година (2013/C 209/01), каде во точката 1.2 Дефиниции е наведено дека мали и средни претпријатија се претпријатија кои ги исполнуваат условите дадени во Препораката на Комисијата од 6 мај 2003 година, која се однесува на дефиницијата на микро, мали и средни претпријатија. Во став (9) од оваа Препорака е наведено дека за автономно претпријатие се смета претпријатие во кое контролниот пакет на основачкото односно партнерското претпријатие не надминува 25% од претпријатието. Оттука, обврска на давателот на помошта е пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да докаже дека доминантниот сопственик на компанијата Сити Капитал Агро ДОО Скопје, кој во Барањето на мислење и во Предлог договорот е наведен како Атлантис капитал ДОО од Киев, Украина, како и основачите на Атлантис капитал ДОО, претставуваат мало или средно претпријатие согласно дефинициите за мало и средно

претпријатие дадени во член 4 од Законот за контрола на државната помош. Во случај на недоставување на вакви докази, формулацијата во точката 5.3 од Предлог договорот, ако истата се достави како дел од Предлог договорот заедно со Известувањето за планирана државна помош од страна на давателот на помошта, ќе се смета како планирано доделување на незаконска државна помош.

Мерката за доделување на дополнителна помош на корисникот над утврдениот процент на помош за реализирани оправдани инвестициски трошоци, а со цел унапредување на рамномерниот регионален развој, како што е наведено во членот 7 од Предлог договорот, е незаконска и истата не може да се дозволи од причина што самото доделување на регионална помош според член 4 точка 11) од Законот за контрола на државната помош е „...помош која е во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија...„ и доделување на дополнителна помош за истите цели е незаконско. Со член 4 став (6) од Уредбата за регионална помош „... целата територија на Република Македонија претставува една статистичка територијална единица по номенклатура NUTS 2, согласно Номенклатурата на Државниот завод за статистика на Република Македонија, која одговара на класификацијата NUTS 2 на Европската унија.„ Оттука, при доделувањето на регионална помош не може да се исплаќа дополнителна помош за унапредување на рамномерниот регионален развој од причина што планските региони не соодветствуваат со класификацијата NUTS 2 на Европската унија.

Во врска со најавата за реализација на инвестициски проект инвестициски проект на компанијата Сити Капитал Агро ДОО Скопје, кој ќе се состои од изградба и менаџирање на современа фабрика за производство на фармацевтски производи од медицински канабис ТИРЗ Штип, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**